Бр. 02-858
29.12.2009 год.

Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 29.12.2009 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор на редовен професор

**Член 1**

**Д-р Живка Мелоска**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Шумарски факултет-Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје–Шумарски факултет-Скопје, на група наставна програма Економика во дрвната индустрија, по предметите: економика, маркетинг, екологија на технолошките процеси, проектирање на производните процеси, планирање на инвестиционите проекти.

**Член 2**

Со денот на изборот во звањето редовен професор, д-р Живка Мелоска заснова работен однос на неопределено време со Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"–Шумарски факултет -Скопје и го задржува звањето редовен професор доживотно.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

ДН:
- Шумарски факултет -Скопје
- Д-р Живка Мелоска

мм/ед

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ВО СКОПЈЕ**

**Билтен број 974 Скопје,**
**16 ноември 2009 година**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА - ЕКОНОМИКА ВО ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА, НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, донесена на VII седница одржана на 2 .XI 2009 година, заведена под бр. 0201-72/VII-2., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Петар Василев, редовен професор во пензија, д-р Виолета Ефремовска, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје и д-р Нацко Симаковски редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје. Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Koha" од 6.X 2009 година, констатира дека за избор на еден наставник на група наставна програма - економика во дрвната индустрија во сите звања на Шумарскиот факултет во Скопје се пријавил само еден кандидат, и тоа д-р Живка Мелоска, вонреден професор при Факултетот.

Врз основа на извршениот преглед на поднесената документација и другите фактори, релеванти за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатката д-р Живка Мелоска е родена на 24.II 1963 година во Пехчево.

Студиите на Шумарскиот факултет, насока дрвна индустрија, во Скопје, ги завршила во учебната 1985/86 година, како најдобар студент на генерацијата, со среден успех 9,0.

Во април 1987 година се вработила на Шумарскиот факултет како приправник, а на 20.XI 1988 година е избрана за помлад асистент во областа проектирање на дрвноиндустриски погони. Во звањето асистент е избрана на 29.VI 1993 година.

Магистерскиот труд со наслов: „Проучување на обемот и структурата на производството и потрошувачката на мебел во Република Македонија и некои фактори што влијаат врз нив" го одбранила на 29.III 1993 година и се стекнала со звањето магистер на дрвноиндустриски науки.

Докторската дисертација под наслов „Оптимализација на инвестиционите вложувања во пиланското производство" ја одбранила на 24.XI 1999 година и се здобила со научен степен доктор на дрвноиндустриски науки.

За наставник - доцент по предметите проектирање на производни процеси и маркетинг и група на предмети економика во дрвната индустрија е избрана на 13. III 2000 година, а за наставник – вонреден професор на група предмети – економика во дрвната индустрија е избрана на 13.III 2005 година.

**Наставно – образовна дејност**

Во изминатиот период, по изборот во звањето вонреден професор, д-р Живка Мелоска успешно ја изведуваше наставата од прв циклус на студии со студентите од насоките механичка технологија на дрвото и проектирање и технологии на мебел и ентериер по предметите: економика, маркетинг и екологија на технолошките процеси (6,0 поени). По истите овие предмети (економика, маркетинг и екологија на технолошките процеси) на двете насоки ги изведуваше и вежбите (2,7 поени), како и теренската настава која беше предвидена со наставните програми (6,0 поени). Во својата наставно - образовна дејност, во континуитет ги одржуваше консултациите со големиот број студенти од насоките механичка технологија на дрвото и проектирање и технологии на мебел и ентериер (0,7 поени).

Покрај наставата од прв циклус, д-р Живка Мелоска ја изведуваше и наставата од втор циклус на групата дрвноиндустриски менаџмент (13,5 поени).

Д-р Живка Мелоска, како вонреден професор, двапати била член на комисија за оцена и одбрана на докторат (1,0 поени). Во изминатиот период била ментор на голем број дипломски работи (4,0 поени), а исто така била член и на комисија за одбрана на дипломски работи (1,0 поени).

Кандидатката за потребите на наставата по предметите маркетинг и екологија на технолошките процеси има изработено интерни скрипти (8,0 поени).

На крај за одбележување е тоа што д-р Живка Мелоска била рецензент на два учебника (2,0 поени), од кој едниот е издаден на Шумарскиот факултет во Загреб, Р. Хрватска, а другиот на Техничкиот универзитет во Зволен, Р. Словачка.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Живка Мелоска од наставно – образовната дејност остварила 44,9 поени со што далеку го надминала минималниот број (15 поени) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето редовен професор.

**Научноистражувачка дејност**

Во изминатиот период, до изборот за вонреден професор, д-р Живка Мелоска, сама или со други автори, изготвила вкупно 49 научни и стручни трудови, кои се рецензирани и објавени во Билтен бр. 597 од 31.V 1993 година, Билтен бр. 673 од 11.XII 1996 година, Билтен бр. 751 од 15.II 2000 година и Билтен бр. 863 од 15.XII 2004 година.

Во научноистражувачката активност на д-р Живка Мелоска значајно е да се одбележи нејзиното учество во меѓународниот научен проект „Adaptivno upravljanje procesima u proizvodnji proizvoda od drva", финансиран од Министерството за наука, образование и спорт на Р. Хрватска (5,0 поени), како и нејзиното пленарно предавање на стручниот собир со меѓународно учество Balkan Training Workshop: Forest Products Marketing - from Principles to Practice, организирано од FAO, во Нови Сад, Р. Србија (3,0 поени).

Кон пријавата д-р Живка Мелоска приложи 11 труда кои вклучуваат оригинални научни резултати и кои се објавени во научни/стручни списанија каде што кандидатката се јавува како коавтор:

- Meloska, Ž., Motik, D., Jelačić, D. (2005): Holistic Cyber Marketing Concept - Increase of the Competition, Marketing and Trade, Zbornik z medzinárodnej vedeckej konferencie, Zvolen, Slovakia, str.257-261 (3,2 поена).
- Jelačić, D., Sedliačikova, M., Oblak, L., Meloska, Ž. (2006): Investicije v podjetva za predelavo lesa in proizvodnjo pohištva v nekaterih državah srednje in jugovzhodne Evrope, LES wood - revija za lesno gospodarstvo, vol. 58, broj 1-2, str 9-13 (2,4 поени).
- Jelačić, D., Grladinivić, T., Meloska, Ž., Oblak, L. (2006): Investments to wood-processing industry in some southeast European countries, Priame zahraničné investície v drevospracujú priemysle, Zbornik z medzinárodnej vedeckej konferencie, Zvolen, Slovakia, str.25-31 (2,4 поени).
- Мелоска Ж., Ефремовска В., Станкевиќ М., Штерјова, А., (2007). Истражување на пазарот за мебел во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.437-441 (2,4 поени).
- Ефремовска В., Мелоска Ж., Станкевиќ М. (2007). Глобализацијата – предизвик за развој на дрвната индустрија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.347-351 (3,2 поена).
- Станкевиќ М., Ефремовск В., Мелоска Ж. (2007). Актуелни проблеми во развојот на дрвната индустрија на Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.505-511 (3,2 поена).
- Meloska, Ž., Efremovska, V. (2008): Concurrency of small firms for wood processing and production of furniture in Republic of Macedonia, Proceedings of International Scientific Conference: Wood Processing and Furniture Production in South East and Central Europe: Innovation and Competitiveness 2008, Belgrade, Serbia,str.23-28 (3,6 поени).
- Efremovska, V., Meloska, Ž. (2008): Innovativity, key for success of companies, Proceedings of International Scientific Conference: Wood Processing and Furniture Production in South East and Central Europe: Innovation and Competitiveness 2008, Belgrade, Serbia,str.28-32 (3,6 поени).
- Meloska, Ž., Efremovska, V. (2009): PROMOTION AS A SOURCE OF COMPETITION FOR WOOD PROCESSING AND FURNITURE MANUFACTURING, Proceedings of International Scientific Conference: Competitiveness of Wood Processing and Furniture Manufacturing, Šibenik, Croatia, str. 23-26 (3,6 поени).
- Efremovska, V., Meloska, Ž. (2009): MANAGER ACTIVITIES AS A BASIS OF THE COMPANY COMPETITION, Proceedings of International Scientific Conference: Competitiveness of Wood Processing and Furniture Manufacturing, Šibenik, Croatia, str.127-130 (3,6 поени).
- Jelačić, D., Hornakova, R., Pirc, A., Meloska, Ž. (2009): THE SEEKING AND IMPLEMENTATION OF INNOVATION OPPORTUNITIES, WOOD RESEARCH, vol.54, broj 4/2009 (6,0 поени).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Живка Мелоска од научно – истражувачката дејност остварила 45,2 поена со што далеку го надминала минималниот број (10 поени) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето редовен професор.

**Стручно – апликативна дејност**

Во стручно – апликативната дејност на д-р Живка Мелоска може да се издвојат неколку активности, и тоа:

- член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува, организира научноистражувачка дејност „WoodEMA, i.a.“ International Association for Economics and Management in Wood Processing and Furniture Manufacturing (2,0 поени);
- член на организационен или програмски одбор на меѓународната научна конференција „Competitiveness of Wood Processing and Furniture Manufacturing”, Шибеник, Р. Хрватска и „Processing and Furniture Production in South East and Central Europe: Innovation and Competitiveness 2008”, Белград, Р. Србија (2,0 поени);
- член на организационен одбор на меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство - проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, Р. Македонија ( 0,5 поени);
- член на уредувачки одбор на стручното списание „DRVO-tehnika” EKO press Blagojević , Белград, Р. Србија (0,5 поени).

Покрај ангажирањето во потесното стручно подрачје д-р Живка Мелоска реализирала и други професионални и општествени дејности (од поширок интерес), од кои би ги издвоиле:

- раководител на Катедрата за економика и организација во дрвната индустрија (3,0 поени), член на факултетска комисија (0,5 поени) и член на комисија за избор во звање (0,2 поена).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Живка Мелоска од стручно - апликативната дејност остварила 8,7 поени со што го надминала минималниот број (5 поени) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето редовен професор.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Врз основа на изнесените податоци и активностите на кандидатката д-р Живка Мелоска, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје, може да истакнеме дека таа во изминатиот период во целост и мошне успешно ги реализирала задачите поврзани со наставно – образовната, научно – истражувачката и стручно – апликативната дејност. Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил

и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатката д-р Живка Мелоска постигнувајќи вкупно 98,8 поени го надминала минималниот број по сите основи (40 поени) што треба да го оствари за да биде избрана во звањето редовен професор.

Имајќи го сето ова предвид, Рецензентската комисија има голема чест да му препорача на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје и Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје, д-р Живка Мелоска да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор на група наставна програма - економика во дрвната индустрија, по предметите: економика, маркетинг, екологија на технолошките процеси, проектирање на производни процеси и планирање на инвестициони проекти.

Рецензентска комисија

1. Д-р Петар Василев, ред. проф. во пензија с.р.
2. Д-р Виолета Ефремовска, ред. проф. на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.
3. Д-р Нацко Симаковски, ред. проф. на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Живка Глигор Мелоска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Шумарски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **економика во дрвната индустрија**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава | 19,5 |
| | - од прв циклус студии | 6,0 |
| | - од втор циклус студии | 13,5 |
| 2. | Одржување на теренска настава | 6,0 |
| 3. | Одржување на вежби | 2,7 |
| 4. | Консултации со студенти | 0,7 |
| 5. | Ментор на дипломска работа | 4,0 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат | 1,0 |
| 7. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 1,0 |
| 8. | Интерна скрипта од предавања | 8,0 |
| 9. | Рецензент на универзитетски учебник | 2,0 |
| | **Вкупно** | 44,9 |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во меѓународниот научен проект „Adaptivno upravljanje procesima u proizvodnji proizvoda od drva", финансиран од Министерството за наука, образование и спорт на Р. Хрватска, шифра на проектот: 068-0683446-3510; почеток на проектот: 1.3.2008; траење на проектот: 3 години. | 5,0 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Meloska, Ž., Motik, D., Jelačić, D. (2005): Holistic Cyber Marketing Concept - Increase of the Competition, Marketing and Trade, Zbornik z medzinárodnej vedeckej konferencie, Zvolen, Slovakia, str.257-261. | 3,2 |
| 3. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество: Meloska, Ž. (2006): Markets and Marketing of Wood Products in Republik of Macedonia, Balkan Training Workshop: Forest Products Marketing - from Principles to Practice, Novi Sad, Serbia and Montenegro | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Jelačić, D., Sedliačikova, M., Oblak, L., Meloska, Ž. (2006): Investicije v podjetva za predelavo lesa in proizvodnjo pohištva v nekaterih državah srednje in jugovzhodne Evrope, LES wood - revija za lesno gospodarstvo, vol. 58, broj 1-2, str 9-13. | 2,4 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Jelačić, D., Grladinivić, T., Meloska, Ž., Oblak, L. (2006): Investments to wood-processing industry in some southeast European countries, Priame zahranične investície v drevospracujú priemysle, Zbornik z medzinárodnej vedeckej konferencie, Zvolen, Slovakia, str.25-31. | 2,4 |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Мелоска Ж., Ефремовска В., Станкевиќ М., Штерјова А., (2007). Истражување на пазарот за мебел во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.437-441. | 2,4 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Ефремовска В., Мелоска Ж., Станкевиќ М. (2007). Глобализацијата – предизвик за развој на дрвната индустрија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.347-351. | 3,2 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Станкевиќ М., Ефремовска В., Мелоска Ж. (2007). Актуелни проблеми во развојот на дрвната индустрија на Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот симпозиум: Одржливо шумарство – проблеми и предизвици во дрвната индустрија, Охрид, стр.505-511. | 3,2 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Meloska, Ž., Efremovska, V. (2008): Concurrency of small firms for wood processing and production of furniture in Republic of Macedonia, Proceedings of International Scientific Conference: Wood Processing and Furniture Production in South East and Central Europe: Innovation and Competitiveness 2008, Belgrade, Serbia,str.23-28. | 3,6 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Efremovska, V., Meloska, Ž. (2008): Innovativity, key for success of companies, Proceedings of International Scientific Conference: Wood Processing and Furniture Production in South East and Central Europe: Innovation and Competitiveness 2008, Belgrade, Serbia,str.28-32. | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (автор): Meloska, Ž., Efremovska, V. (2009): PROMOTION AS A SOURCE OF COMPETITION FOR WOOD PROCESSING AND FURNITURE MANUFACTURING, Proceedings of International Scientific Conference: Competitiveness of Wood Processing and Furniture Manufacturing, Šibenik, Croatia, str. 23-26 | 3,6 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (коавтор): Efremovska, V., Meloska, Ž. (2009): MANAGER ACTIVITIES AS A BASIS OF THE COMPANY COMPETITION, Proceedings of International Scientific Conference: Competitiveness of Wood Processing and Furniture Manufacturing, Šibenik, Croatia, str.127-130 | 3,6 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор Jelačić, D., Hornakova, R., Pirc, A., Meloska, Ž. (2009): THE SEEKING AND IMPLEMENTATION OF INNOVATION OPPORTUNITIES, WOOD RESEARCH, vol.54, broj 4/2009 | 6,0 |
| | **Вкупно** | 45,2 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | 0,5 |
| 2. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир | 0,5 |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 2,0 |
| 4. | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност ( „WoodEMA, i.a.“ ) – член | 2,0 |
| 5. | Раководител на внатрешна организациона единица | 3,0 |
| 6. | Член на факултетска комисија | 0,5 |
| 7. | Член на комисија за избор во звање | 0,2 |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 8,7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 44,9 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 45,2 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 8,7 |
| **Вкупно** | 98,8 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Петар Василев, ред. проф. во пензија с.р.
2. Д-р Виолета Ефремовска, ред. проф. на Шумарскиот факултет-Скопје с.р.
3. Д-р Нацко Симаковски, ред. проф. на Шумарскиот факултет-Скопје с.р.